# Рудници „Бањани” АД Скопје

1011 Кучевиште Република Северна Македонија

Матичен број 4221931
Жиро сметка број 300-0000003209-12
Депонент „Комерцијална банка”АД Скопје
МК 4030991136453

Тел/факс 2666-021
Тел/факс 2666-038

E-mail: BRAJ@t.mk


РУДНИЦИ „БАЊАНИ“ АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО Бр. 0302-072 23 02 2023 год. с. КУЧЕВИШТЕ-СКОПЈЕ

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**За настанатите значајни промени во финансискиот резултат**

**од 01.01.2021 до 31.12.2022 година**

Рудници Бањани АД Скопје ја заврши деловната 2022 година со позитивен финансиски резултат- добивка искажан во неревидираниот биланс на успех во износ од 8.866.000 денари

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Друштвото во деловната 2022 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи.

**Вкупни приходи**

Во 2022 година вкупните приходите од продажба се поголеми од минатата година пред се поради приходите од продажба на отпадно железо во износ 6.165.000 денари и приходите од продажба на основни средства во износ од 1.532.000 денари. Приходите од продажба на варовник се помали од мината година.

**Вкупни расходи**

Вкупните трошоци во 2022 година се зголемени во однос на истиот период од минатата година поради инфлацијата зголемените цени на струјата, нафтата и експлозивите)

**Залихи**

Во овој период залихите на готовите производи се намалени за 2.790.000 денари.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во недвижности и опрема до 31.12.2022 година изнесуваат 33.800.000 денари.

Рудници „Бањани" АД Скопје
1011 Кучевиште Република Северна Македонија
Матичен број 4221931 Тел/факс 2666-021
Жиро сметка број 300-0000003209-12 Тел/факс 2666-038
Депонент „Комерцијална банка"АД Скопје
МК 4030991136453
E-mail: BRAJ@t.mk

**Сопствени акции**

Рудници Бањани АД Скопје има вкупно откупено 5.507 сопствени акции. Од 01.01.2022 до 31.12.2022 година нема откупено акции.

**Дивиденда**

На собранието на акционери кое се одржа во мај се одлучи добивката од 2021 година да не се распредели за исплата на дивиденда туку да се насочи во набавка на нова опрема и нови машини..

**Коментар за работењето и за опкружувањето во 2022 година**

Нелојалната конкуренција, незаконското поништување на тендери, превземање на материјал без распишан тендер, постоење на празнина од моментот на разрешување на директори во јавните претпријатија до моментот на поставување на нови , се само дел од проблемите со кои се соочуваме.

Иако постои проблем со наплата на побарувањата Рудници Бањани АД Скопје како деловен партнер од доверба навреме ги подмирува сите јавни давачки како и обврските кон добавувачите и вработените.

**Идни аспекти**

Огромни потешкотии во организирањето на производството се создадоа со донесувањето на Законот неделата да биде неработен ден од причини што не може да се предвидат секогаш количините кои се потребни а воедно не може да се предвиди што муштериите-купивачите ќе имаат потреба. Затоа е потребна флексибилност кои денови би биле работни со тоа што строго би се почитувало работното време од 40 работни часа неделно .Воедно со тоа нема да се јавува недостаток од работни часа кај вработените со кој проблем се соочуваме сега.

**Рудници Бањани АД Скопје**

**Прв генерален директор**

**Аница Пецевска Рајчиќ**

Рудници „Бањани" Акционерско друштво с. Кучевиште СКОПЈЕ 1